Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08. 07. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 128 | | |

3257

( Образец ПП……)

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ бр. 101/2019") , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Дали во Битола постојат летни тераси кои функционираат во склоп на угостителски објекти а самите по себе се диоградби?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
[redacted]
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
[redacted]
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
-----------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер

Во: БИТОЛА

Датум 06.07.2025 година

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Општински инспекторат

Бр.11-128/2
09.07.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-128/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмен одговор по однос на истото во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 14. 07. 2025
Орг.Един: 11 | Број: 128/3 | Прилог: | Вредност:



Република Северна Македонија
ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор – Општински инспекторат
БИТОЛА

**До**

Сектор за правно-нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Врска: Бр.11-128/2 од 09.07.2025год

Предмет: Известување

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер Бр.11-128/2 од 09.07.2025год,
Ве известувам дека на територијата на Општина Битола, од досега извршените надзори врз објекти, констатирано е дека постојат летни тераси кои функционираат во склоп на угостителски објекти, а самите по себе се дивоградби. За сите досега утврдени неправилности, донесени се соодветни Решенија врз основа на констатираната фактичка состојба на лице место и по истите постапката е во тек.
Надлежниот градежен инспектор продолжува со активностите на терен, за утврдување на сите постоечки неправилности кај угостителските објекти на територија на Општина Битола.

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**ВЕЛИМИР ЛОЗАНОВСКИ**

В. Лозанов
_______________________

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-128/4
14.07.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот[redacted], поднесено на **08.07.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на[redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-128/2025** од **14.07.2025 година,** информации за летните тараси кои фукционираат во склоп на угостителски објекти а се дивоградби.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот[redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-128/2025 на ден 08.07.2025 година. Во барањето наведе дека бара информацији за летните тараси кои фукционират во склоп на угостителски објекти а се дивоградби.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-128 од 08.07.2025.
2. Допис до Општински инспекторат бр.11-128/2 од 09.07.2025.
3. Одговор од Општински инспекторат со бр.11-128/3 од 14.07.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 14.07.2025 година, под бр. 11-128/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Марија Атанасовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА